РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**Државен просветен инспекторат**
**Број: 09-91/3**
**Датум:05.07.2024**

# СГГУГС „Здравко Цветковски“ – Карпош,Скопје

| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | од 31.01 до 02.02 2024г |
| **Број на извештај:** | 1/ скопски/2024 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Драгослава И. Војницалиевска |
| **Вид на училиштето:** | средно |
| **Подрачни училишта:** | / |
| **Основач на училиштето:** | Град Скопје |
| **Наставен јазик:** | Македонски и албански наставен јазик |
| **Број на ученици:** | 1085 |
| **Полова структура на ученици:** | М.601/Ж.484 |
| **Број на наставници:** | 105 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Силва Таневска |
| **Директор на училиштето:** | Вд Драгица Костадиновска |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 24-26.09.2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | Бул.Партизански одреди бр.91,Карпош Скопје |
| **Телефон:** | 02/3062-694 |
| **Факс:** | 02/ 3065-467 |
| **e-mail:** | kontakt@zdravkocvetkovski.edu.mk |
| **Оценка од интегрална евалуација** | Добар (2,89) |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

# РЕЗИМЕ

Во согласност со Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат (ДПИ) и Законот за просветната инспекција од 12 до 16 декември 2022 година, тим од четворица државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во СГГУГС „Здравко Цветковски“ - Општина Карпош, Скопје.

Подготвителната фаза од интегралната евалуација е спроведена од раководителот на инспекцискиот тим со посета на училиштето и прибирање на сите потребни документи во кои се содржат податоците за работата на училиштето.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во СГГУГС „Здравко Цветковски“ - Општина Карпош, Скопје е **добар (2,89).**

Наставниот процес во училиштето се реализира согласно наставниот план за гимназиско образование со сите изборни подрачја и средно стручно/техничко образование за Градежно геодетска струка/Сектор градежништво и геодезија, (модуларно дизајнирани програми) за 4 (четири) образовни профили/квалификации од четиригодишни образование: Градежен техничар, Архитектонски техничар, Техничар дизајнер за внатрешна архитектура и Геодетски техничар, како и образовниот профил со тригодишно траење на образованието, Монтер за сува градба и Поставувач на подови и плочки.

Училиштето има програма за работа со деца со посебни образовни потреби. Во учебната 2023/2024 година, во редовната настава, вклучени се тројца ученици со посебни образовни потреби, со кои се работи според индивидуална образовна програма-ИОП. За еден ученик, основачот-Град Скопје има обезбедено образовен асистент.

Училиштето има активен училишен спортски клуб во 6 спортски дисициплини (ракомет, одбојка, кошарка, фудбал, атлетика и футсал) и учествува во спортски активности.

Промени и значајни отстапувања во постигањата на учениците во последните три учебни години, нема. Во училиштето има појава на осипување на учениците.

Наставниците подготвуваат планирања за реализација на воспитно образовниот процес. Поголемиот број оперативни планови за наставен час ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот. Поголем број од наставниците, покрај редовната ја планираат додатната, дополнителната настава и воннаставните активности. Во текот на интегралната еваулација извршена е посета на наставен час кај поголем број од наставниците, кои користат форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење. Поголем дел од наставниците користат добро испланирани и соодветни методи за работа со учениците најчесто индивидуално или заедничка работа со цел клас, а поретко во парови или во групи. Од посетата на часовите констатирано е дека наставниците поретко применуваат наставни техники и нагледни средства во реализација на наставните содржини. Учењето преку работа/практичната обука кај работодавачите се реализира според наставниот план и програма, во компании со кои училиштето има склучено меморандуми за соработка. По одредени содржини, практична настава се изведува и во училишните работилници. Феријалната пракса се реализира според насоки изработени од Центарот за стручни образование и обука.

Во мал број училници и во училиштето се изложени трудови на учениците, притоа без да се внимава на видливоста и пристапноста на местото каде што се изложени. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.Поголем број на ученици имаат можност да го искажат сопственото мислење посебно при изведување на практична обука притоа почитувајќи го мислењето на другите.

Помал број наставници во процесот на поучување користат различни ресурси и приоди за учење и не секогаш се изготвуваат задачи по тежински нивоа според образовните потреби на учениците.

Годишните оценки се сумативни и произлегуваат од формативното оценување во текот на годината. Наставниците користат методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Мал дел од учениците

се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми).

Најголем број наставници редовно прибираат информации за постигањата на учениците и даваат транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката. За таа цел се користат формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина) и индивидуални средби (за пренесување на информации за конкретен ученик) со родителите. Родителите добиваат и пишани извештаи (евидентен лист), а се информираат и преку е-дневникот.

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и ги реализира според планираното. Сите потенцијално опасни места во училиштето што не може да се избегнат во целост се посебно означени и од страна на наставниците, учениците се информирани за можните опасности и се свесни за нивното присуство. Во последните три учебни години не е изведена симулативна вежба.

Хигиената во училиштето е добра. Подот на училниците и ходниците се чистат секој ден, санитарните јазли се уредени и во добра состојба.

Училиштето има Програма за професионална ориентација на учениците. Стручната служба и наставниците во училиштето се грижат за давање помош при изборот на институцијата за понатамошно образование и доусовршување.

Голем број од наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик, како и за неговиот интелектуален, социјален и емоционален развој. Наставниците подготвуваат редовно извештаи и анализи, за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Подготвените извештаи и анализи се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар и се целосно достапни за сите други наставници, за родителите и за самите ученици. Резултатите од анализите не се користат за подобрување на воспитно - образовниот процес.

СГГУГС "Здравко Цветковски" во Скопје го негува својот углед во заедницата. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи.

Училиштето води политика на взаемно почитување на сите чинители вклучени во училишниот живот, како и поттикнување на слободата на изразување и критичко размислување кај учениците и вработените.

Дисциплината во училиштето е добра. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставничкиот кадар.

Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки.

Училиштето има формирано ученичка заедница, која има своја програма за работа и за реализација на истата добива поддршка од училиштето.

Училиштето избира ученик на генерација со јасно утврдени критериуми за избор според Правилник за избор на ученик на генерација. Ученикот кој е првенец добива награда од Град Скопје, пофалница од училиштето и симболична награда (книга). Постигањата на учениците се истакнуваат на Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор и информативно по паралелки.

Сите вработени во училиштето, вклучувајќи ги и родителите во органите и телата на училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.

Во училиштето подеднакво се третираат сите ученици без разлика на полот, етничката припадност, социјалното потекло и интелектуалните разлики. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста, односно го прифаќа и промовира мултикултурализмот. Сите наставници се обучени за реализација на „Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието“, а за новвработените редовно се врши дисеминација.

Соработката со родителите се остварува на повеќе нивоа и тоа: поединечно, на ниво на паралелка, на ниво на Совет на родители, преку членови на училиштен одбор - претставници од родители и отворен ден на наставниците.

Училиштето располага со 45 училници, 3 кабинети, библиотека, 2 фискултурни сали, 2 работилници. Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава. Во училишните простории има инсталирано електрична инсталација за напојување на ИКТ

опрема и мрежа за поврзување на ИКТ опрема и сите се опремени со персонален компјутер.

Библиотеката во училиштето располага со вкупно 18407 наслови, вклучувајќи 14910 лектирни изданија, од кои на македонски наставен јазик 14 614 и 296 на албански наставен јазик, 3497 наслови на стручна литература, од кои 3190 на македонски наставн јазик и 307 на албански наставен јазик.

Воспитно образовната работа ја реализираат 105 наставници од кои 102 со завршено високо образование, 1 наставник со завршени докторски студии, 2 со друго образование. Наставниците се организирани во тимови и стручни активи, што им овозможува да работат заедно и да споделуваат искуства. Во наставничкиот тим влегуваат наставници од различни етнички и културни заедници, што креира разновидност и инклузивност во училишната средина.

Сите наставници изработуваат личен план за професионален развој, училиштето ги идентификува потребите на наставниците и изготвува програма за професионален развој при што ги има предвид основните професионални компетенции за наставници.

Во училиштето нема разработен план за организирање на нагледни часови, што може да биде важен дел од континуираното професионално усовршување на наставниците и споделување на добри практики.

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Буџетот се користи за приоритетни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.

Раководниот кадар ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства. Училишниот одбор добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето. Финасовиот план и финансиски извештаи се разгледуваат и носат од страна на Училишен одбор.

УО има своја програма за работа содржана во рамките на Годишната програма за работа на училиштето, со испланирани активности во временска рамка по месеци. Присуството на состаноците е редовно од претставниците на сите структури. Училишниот одбор се свикува со електронска покана и обезбедени материјали за работа на состаноците. Состаноците не се отворени за јавност, а донесените Одлуки не се објавуват јавно, но на Наставнички совет се образложуваат. Мисијата и визијата на училиштето ја одразуваат државната и локалната образовна политика. Тие се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на активностите за инклузија, професионален развој на наставниците и унапредување на постигнувањата на сите ученици. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти да работат на остварување на мисијата и визијата.

Работата на училиштето е уредена со Статут на училиштето одобрен од страна на Министерството за образование и наука.

Училиштето има изготвено Самоевалуација бр.01-822/1 од 13.09.2022 година и има изготвено Програма за развој бр.01-303/3 од 13.04.2023 година .

За учебната 2023-2024 година училиштето има изготвено Годишна програма за работа бр.01-759/2 од 31.08.2023 година, усвоена од Училишниот одбор.

За развивање и унапредување на сите форми на спортски активности, училиштето со Решение бр. 30120120034729 донесено од Централниот регистар на РМ, има регистриран училишен спортски клуб СГГУ на ГС„Здравко Цветковски“-Скопје. Во моментот на спроведување на интегралната евалуација училишниот спортски клуб е активен.

.

## Карактеристики на училиштето

СГГУ на Град Скопје„Здравко Цветковски” се наоѓа во општината Карпош. Училиштето е од тврда градба, основано 1944 година. Носител на основачките права на училиштето е Градот Скопје. Дејноста на училиштето е верифицирана со Решение на Министерството за образование и наука бр.11-2395/1 од 14.06.2005.година.
Заведено е во Централен регистар со број 301202300111888 од 07.08.2023 година, со Даночен број:4030966241137, Матичен број:4108370 и Жиро сметка: 785010446490319.

Наставата се изведува во две смени и се реализира на македонски и албански наставен јазик. Во учебната 2023/2024 година се запишани 1085 ученици, од кои 601 машки и 484 женски. Работата и наставата во училиштето ја реализираат 105 наставници, од кои 102 со завршено високо образование, 1 наставник со завршени докторски студии, 2 со друго образование. Со училиштето раководи вд директор во прв мандат, еден помошник директор со 20 работни часа и 10 наставни часа односно 20 работни часа извршува на работно место наставник по стручни градежни предмети и помошник на директор за албански паралелки со 20 работни часа и 10 наставни часа односно 20 работни часа на работно место наставник по стручни архитектонски предмети.

Стручната служба е составена од: психолог, педагог, социолог, дефектолог и библиотекар, кои соработуваат со наставниците во организацијата и реализацијата на наставните активности, како и во следење и поддршка на учениците кои имаат потешкотии во учењето.

Наставата се изведува во 45 училници, 3 кабинети, библиотека, 2 фискултурни сали, 2 работилници.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на вонннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците

# 1. Наставни планови и програми

## 1.1 Рализација на наставните планови и програми

Во училиштето наставниот процес се изведува според наставните планови и програми за гимназиско и за стручно образование. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука. Реализацијата на наставните планови и програми е во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите.

Образовно - воспитната дејност се реализира според наставни планови и програми за гимназиско образование со сите изборни подрачја и средно стручно/техничко образование за Градежно геодетска струка/Сектор градежништво и геодезија, (модуларно дизајнирани програми) за 4 (четири) образовни профили/квалификации од четиригодишни образование: Градежен техничар, Архитектонски техничар, Техничар дизајнер за внатрешна архитектура и Геодетски техничар, како и образовниот профил со тригодишно траење на образованието, Монтер за сува градба и Поставувач на подови и плочки.

Исто така, училиштето од Министерството за образование и наука има добиено решение за верификација на V степен - специјалистичко образование и според барањата, спроведува едукација на кандидати за следниве образовни профили: Ѕидар - специјалист, Дрводелец - специјалист, Армирач - специјалист, Бетонирец - асфалтер - специјалист, Градежен керамичар - специјалист, Молеро - лакер - специјалист, Хидроизолатер и процесен организатор, Техничар специјалист за индустриско градење, Градежен калкулант и Специјалист монтер на стаклени елементи.

Од Министерството за образование и наука и ЈУ Центар за образование на возрасните верифицирано е за образование на возрасните за реализација на посебните програми: Фасадер, Гипсер-Монтер и Оџачар на објекти кои користат цврсто и течно гориво.

Покрај редовното школување, училиштето дава можности и за вонредно школување и дошколување, со тоа што оние кандидати кои имаат завршено несоодветно образование мора претходно да ги положат диференцијалните предмети што се опфатени во дадената струка, односно занимање за кое што сакаат да се образуваат.

Според наставниите планови за стручното образование од Градежно-геодетската струка, наставниците во училиштето изведуваат настава по општообразовни и стручни предмети. Новите модуларно дизајнирани програми за четиригодишно стручно образование се поделени на програмски области за општо образование и стручно образование во кое е опфатена практична настава и практично образование во кое спаѓа Учење преку работа кај работодавач и Феријална практика. Исто така, новите модуларно дизајнирани програми за тригодишно стручно образование се поделени на програмски области за општо образование, стручно теоретско образование и практична обука која опфаќа Практична настава и Феријална практика. Во наставните планови се содржани содржини програмирани од училиштето и проектни активности на училиштето, со определен годишен фонд на часови. Практичната обука може да се реализира во работилниците во училиштето и кај работодавачи со кои имаат склучено меморандоми за соработка (Кнауф ДООЕЛ Скопје, ГД Гранит АД Скопје, ГИМ АД, Агенција за катастар на недвижности, Факултет за архитектура при МИТ Универзитет Скопје, ЗИМ АД Скопје, ИЗИКП, ДГТ Жикол ДООЕЛ Струмица и други).

Училиштето користи повеќе различни начини да ги информира родителите, учениците и советот на родители, како и сите други кои бараат информација, за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат. Тоа го прави преку формални и неформални состаноци, флаери, web и facebook страниците на училиштето.

Училиштето има програма за работа со деца со посебни образовни потреби. Во учебната 2023/2024 година, во редовната настава, вклучени се тројца ученици со посебни образовни потреби, со наод и мислење издаден од надлежна институција, со кои се работи според индивидуална образовна програма-ИОП и за еден ученик, основачот-Град Скопје има обезбедено образовен асистент и ученикот е упатен за проценка од МКФ. Со овие ученици се работи со диференциран пристап и поставени се диференцирани цели

кои се приспособени на индивидуалните способности и можности на учениците. Шест ученици се со потешкотии во учењето (дислексија, дисграфија и дискалкулија), на кои се дава општа поддршка и советодавна работа со децата и наставниците кои им предаваат. Училиштето има формирано инклузивен тим.

Процедурата за избор на изборни предмети во училиштето се спроведува преку анкетни листови и се врши избор од листата на изборни предмети во наставниот план.

## 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

Училиштето има Програма за мултиетничка интеграција во образованието. Во тематските планирања наставниците имаат вметнато содржини со кои се третира мултикултурната сензитивност, најчесто во општествените предмети. Дискусија на тема мултикултурализам е интегрирана и во планирањата на класните часови.

Во рамки на Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието, училиштето склучило партнерство со СУГС ,,Никола Карев“ - Скопје и СОУ Гимназија ,,Добри Даскалов“ Кавадарци. Според извештајот од тимот за МИО, со сопствените ученици и наставници кои се од мешан етнички состав реализирани се активности преку одржани заеднички часови по наставните предмети: Ликовна уметност, Математика, Англиски јазик како и Учење преку работа кај работодавач. Исто така, заеднички се реализира Проектот на тема: ,,Го учам јазикот на другиот“.

Постојат добри примери на соодветно интегрирани особености на локалната средина во наставните програми и наставните помагала, особено при реализација на практичната обука. Соработката се потврдува преку организирани акции, проекти, натпревари, посети на објекти, саеми и други институции.

Училиштето, во сите наставни програми што се реализираат, има разработени насоки за вградување на меѓупредметни цели. Поголемиот дел од наставниците, насоките ги почитуваат и ги применуваат.

## 1.3. Воннаставни активности

Училиштето планира и реализира воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Училиштето организира заеднички воннаставни активности со учениците на друг наставен јазик.

Во училиштето функционираат повеќе ученички секции, и тоа: Црвен крст и други хуманитарни организации, Литературно-рецитаторска и драмска секција, Секција за странски јазици, Ликовна и музичка секција, Еколошка секција, Математичка секција, Секција по физика, Историска секција, Фотографска, Информатичка и Макетарска. Во нив учениците се вклучени според сопствениот интерес. Воннаставните активности се опфатени во годишната програма за работа на училиштето, годишните и полугодишни извештаи. Има примери за учество и постигнати солидни резултати на училишни, општински, државни и регионални натпревари.

Афирмирањето на воннаставните активности училиштето го врши преку училишната веб страница, facebook станица, инстаграм профил, презентации, постер-реклама, организирање на приредби, хуманитарни настани и спортски натпревари.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат во различни манифестации и на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво. Во последните три учебни години училиштето освоило **36** награди од кои :

- **25** награди на општинско ниво (7 прво место, 9 второ место и 9 трето место)
- **7** награди на регионално ниво (1 прво место, 4 второ место и 2 трето место)
- **4** награди на државно ниво (1 прво место, 2 второ место и 1 трето место).

Училиштето земало учество и на други натпревари и се стекнало со благодарници и пофалници.

Училиштето е вклучено во проекти, во кои, учениците се активно вклучени и тоа, проект „Зајакнување на капацитетот на младите и наставниците за примена на мерки за сајбер безбедност и развој на ефективни училишни програми за спречување на сајбер-насилство“, Еразмус+ проекти партнерства, „Квалитетно образование за сите“,

„Образование за вработување“, „Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на стручното образование“, Стратегијата за унапредување на меѓуетничката интеграција во образованието и граѓанската вклученост и други.

Училиштето има училишен спортски клуб УСК на СГГУГС „Здравко Цветковски“- Скопје, регистриран во ЦРМ со дел.бр.30120120034729 од 11.12.2012 година. Клубот е активен во 6 спортски дисициплини (ракомет, одбојка, кошарка, фудбал, атлетика и футсал) и учествува во спортски активности.

# 2. Постигања на учениците

## 2.1 Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците според пол, национална припадност и по класификациони периоди, по сите наставни предмети, по години и паралелки и презема активности за нивно подобрување.

Постигањата на учениците во последните три учебни години, говорат за континуитет на успехот на учениците, без големи промени и отстапувања. Средниот успех на учениците во учебната 2020/2021 година на ниво на училиште изнесува 3,58, на крајот од учебната 2021/2022 година изнесува 3,64, на крајот од учебната 2022/2023 година изнесува 3,71. На крајот од првото полугодие во учебната 2023/2024 година средниот успех на ниво на училиште изнесува 3,35.

Училиштето се истакнува и по добри постигања на учениците на државната матура.

Училиштето промовира уверување дека постигањата на учениците може да се подобрат и презема конкретни активности во таа насока.

Училиштето има систем за детектирање и поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.

Голем дел од наставниците им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби, избирајќи активности соодветни на нивните интереси и можности.

Во училиштето се врши следење на постигањата на редовните и вонредните ученици при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование. Се врши анализа на причините при појава на разлики во постигањата.

Училиштето е вклучено во проектот Меѓуетничка интеграција во образованието, за што има склучено Меморандум за соработка:СУГС„Георги Димитров“Скопје, СУГС„Никола Карев“Скопје, и СОУ„Добри Даскалов“-Кавадарци.

И самото училиште е мултиетничко и мултикултурно училиште, а според извештајот од тимот за МИО, со сопствените ученици и наставници кои се од мешан етнички состав реализирани се активности преку одржани заеднички часови по наставните предмети.

## 2.2 Задржување и осипување на ученици

Училиштето врши упис на ученици согласно со Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби.

Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Просечниот број на оправдани изостаноци на ниво на училиште во последните три години е: 2020/2021 година 19.28 по ученик, 2021/22 година 34.51 по ученик и 2022/2023 година 41.82 по ученик. Просечниот број неоправдани изостаноци на ниво на училиште во последните три години е: 2020/2021 година 2.76 по ученик, 2021/22 година 3.79 по ученик и 2022/2023 година 4.52 по ученик и се во пораст.

Во учебната 2022/2023 година Државна матура вкупно пријавиле 250 ученици од кои на македонски наставен јазик вкупно се 175 матуранти и на албански наставен јазик вкупно се 75 матуранти. Полагале вкупно 249 матуранти од кои на на македонски наставен јазик вкупно се 174 матуранти и на албански наставен јазик вкупно се 75 матуранти.Положиле 247 матуранти од кои на македонски наставен јазик вкупно се 174 матуранти и на албански наставен јазик вкупно се 73 матуранти. Не се јавил на државнатаматура еден ученик, и не положиле 2 ученици, а останатиот дел пријавиле училишна матура и завршен дел на завршната година. Во учебната 2023/2024 вкупно пријавиле Државна матура 201 ученици.

Согласно со утврдените потреби и изготвен план, училишниот психолог реализира советувања со родители и ученици за кои води уредна евиденција Во првото полугодие во учебната 2023/24 година реализирани се 98 индивидуални советувања со кои се опфатени 98 родители и 98 ученици. Според статистиките и анализите кои ги изготвува стручната служба може да се заклучи дека индивидуалните советувања на родители и ученици даваат подобар ефект од групните советувања. Најчесто советувањата се спроведуваат поради намален успех и направени изостаноци.

Во училиштето има појава на осипување на учениците. Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно во друго училиште. При преминот во друго училиште ги доставува информациите за воспитно - образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот.

## 2.3 Повторување на ученици

Од увидот направен во училишната евиденција, односно од извршените анализи за постигањата на учениците на крајот од учебната година, констатирано е дека, во последните три учебни години, 6 ученици ја повторувале годината.

Училиштето ги запознава учениците за правото за поднесување на приговор доколку има незадоволсво од постигнатиот успех на крајот на наставната годин

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1. Планирање на наставниците

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на стручната служба и од страна на директорот. Училиштето им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од меѓуетничка интеграција, интегрираното образование и граѓанска вклученост во планирањата на наставниците.

Наставници имаат подготвено годишни и тематски планирања и оперативен план за наставен час, поголемиот број ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот. Поголем број од наставниците, покрај редовната ја планираат додатната, дополнителната настава и вонннаставните активности. На почетокот на учебната година наставниците ги доставуваат своите планирања до директорот и стручната служба и истите се следат најмалку два пати во годината. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП.

Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањата, а наставниот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето.

Наставниците планираат во рамките на девет стручни активи и меѓусебе разменуваат стручни искуства за реализација на наставата.

Распоредот на часови е изработен според просторните капацитети и кадровските можности, притоа почитувајќи го најдобриот интерес на детето. Училиштето има и распоред за додатна и дополнителна настава и има евиденција на реализирани часови. Во случај на отсуство на наставник се врши соодветна замена на часовите. Креираниот распоред овозможува максимална меѓуетничка соработка и комуникација меѓу учениците и наставниците.

## 3.2. Наставен процес

Во текот на интегралната еваулација извршена е посета на наставен час кај поголем број од наставниците, кои користат форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење. Поголем дел од наставниците користат добро испланирани и соодветни методи за работа со учениците најчесто индивидуално или заедничка работа со цел клас, а поретко во парови или во групи. Наставниците главно користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците. Од посетата на часовите констатирано е дека наставниците поретко применуваат наставни техники и нагледни средства во реализација на наставните содржини.

Во стручното образование се користат електронски содржини, особено онаму каде што недостасуваат учебници.

Поголем број од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата и во текот на имплементација на интегралната евалуација, беа реализирани часови со примена на ИКТ.

Наставниците ги споделуваат целите на наставата и очекуваните исходи од учењето со учениците, но тие, не секогаш им се јасни на учениците. Поучувањето е јасно и разбирливо, соодветно на возраста, потенцијалите и предзнаењата на учениците.

Поголемиот дел од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање, при тоа не правејќи разлики меѓу учениците според нивниот пол, социалното потекло, етничката и религиската припадност.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес. Секој наставник се посетува на час барем еднаш во една учебна година од директорот или од стручните соработници.

Учењето преку работа/практичната обука кај работодавачите се реализира според наставниот план и програма, во компании со кои училиштето има склучено меморандуми за соработка. По одредени содржини, практична настава се изведува и во училишните работилници. Феријалната пракса се реализира според насоки изработени од Центарот за стручни образование и обука.

### 3.3. Искуство на учениците од учењето

Поголем број на ученици и родители го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Во мал број училници и во училиштето се изложени трудови на учениците, притоа без да се внимава на видливоста и пристапноста на местото каде што се изложени.

Поголем број на учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен, поврзан со секојдневието, работно ги оспособува за примена на стекнатите знаења практично да ги применат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.

Поголем број на ученици имаат можност да го искажат сопственото мислење посебно при изведување на практична обука притоа почитувајќи го мислењето на другите. Нивното мислење се зема во предвид при донесување одлуки и иницираат активности и преземаат одговорности во училиштето.

Учениците сметаат дека соработката меѓу учениците е добра и дека најголем број од возрасните во училиштето доволно комуницираат и се отворени за соработка со нив. Се негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите. Учениците и наставниците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со балансиран хетероген состав.

Училиштето им обезбедува на учениците да реализираат учење преку работа/практична обука во реални работни услови кај работодавач согласно наставните планови и програми.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Наставничкиот кадар и стручната служба ги детектираат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно отстранување.

Помал број наставници во процесот на поучување користат различни ресурси и приоди за учење и не секогаш се изготвуваат задачи по тежински нивоа според образовните потреби на учениците.

## 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците изготвуваат сопствени критериуми со утврдени стандарди за оценување на учениците, кои се усогласени со критериумите за оценување на ниво на училиште. Годишните оценки се сумативни и произлегуваат од формативното оценување во текот на годината.

Наставниците користат методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Мал дел од учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми). За евидентирање на напредокот на учениците се користат неколку методи и форми на оценување и тоа: усно проверување, писмено проверување, следење на активностите на учениците при реализација на практичната настава во училиштето и надвор од училиштето односно кај работодавачите.

Наставниците им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, а повремено дискутираат за напредокот и постигањата. Наставниците делумно ги користаат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

## 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Најголем број наставници редовно прибираат информации за постигањата на учениците и даваат транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката. За таа цел се користат формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина) и индивидуални средби (за пренесување на информации за конкретен ученик) со родителите. Родителите добиваат и пишани извештаи (евидентен лист), а се информираат и преку е-дневникот.

Родителите на деца со посебни образовни потреби се запознаени со напредокот на ученикот предвиден во ИОП и со нивно учество се ревидираат целите кои треба да се постигнат.

# 4. Поддршка на учениците

## 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и ги реализира според планираното. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. Сите потенцијално опасни места во училиштето што не може да се избегнат во целост се посебно означени и од страна на наставниците, учениците се информирани за можните опасности и се свесни за нивното присуство. Во училиштето наставниците по физичко и здравствено образование и стручните соработници се обучени за давање прва помош на учениците при несреќни случаи во училиштето. Училиштето располага со пакет средства за прва помош сместен кај стручните соработници, а има и апарат за мерење притисок, во наставничка канцеларија и во просториите на стручната служба. Училиштето има интерен акт - План за заштита и спасување - евакуација во случај на пожар, елементарни непогоди и други несреќи. Во последните три учебни години не е изведена симулативна вежба. За безбедноста на учениците во училиштето се грижи Друштво за услуги ,,ВИС Скопје“, ангажирано од страна на основачот, Град Скопје, во училиштето е организирано дежурство од страна на наставниците и учениците. Исто така училиштето во ноќните часови е обезбедено од двајца ноќни чувари. Во училиштето има 18 хидрантски приклучоци, 17 ПП апарати кои редовно се сервисираат и се соодветно распоредени во училишниот објект, громобраново заземјување и инсталирана е интернет мрежа и телофонска врска. Училиштето има протокол како пишани документи Куќен ред и Кодекс на однесување во кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците и возрасните. Протоколите доследно се реализираат и се применуваат. Во училиштето се санкционира секаков облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците и се применуваат механизми за постапување и справување со евентуална појава на различните облици на насилство. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на учениците им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Учениците и родителите се информирани од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки за насилство. Активностите за заштита и безбедност на учениците ги координира со институциите. Училиштето има политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанци. Во училиштето не се пуши, наставниците не доаѓаат во алкохолизирана состојба, не консумираат алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци. Училиштето има пишани процедури за регистрирање на појавата на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од нив. За заштита на учениците од употреба на алкохол, цигари и наркотични супстанци училиштето организира предавања. Училиштето има инклузивен тим и пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот. Инклузивниот тим на училиштето ја усогласува програмата според индивидуалните потреби на учениците. Во училиштето нема ученик со физичка попреченост. Училиштето има пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците од социјално загрозени семејства, кои не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во вонннаставните активности што бараат вложување дополнителни средства. Училиштето соработува со Центарот за социјална работа и хуманитарните организации, Црвен крст, невладини организации и на училишно ниво организира хуманитарни акции.

## 4.2 Здравје

Хигиената во училиштето е добра. Подот на училниците и ходниците се чистат секој ден, санитарните јазли се уредени и во добра состојба. Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци и редовно се одржува. Во училиштето редовно се вршат систематски прегледи на сите вработени. Последниот систематски преглед е извршен на

12.12.2023 година во ПЗУ Поликлиника „ИнтерМед-Арт“-Скопје, асанитарниот преглед на ден 25.12.2023 година во Центарот за Јавно Здравје-Скопје. Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Во соработка со здравствени институции, секоја година се организира вакцинација, систематски прегледи и стоматолошки прегледи на учениците и за нив се води уредна евиденција. Грижата за здравјето на учениците е опфатена и во Годишната програма за работа на училиштето.

Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман.

### 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето има Програма за професионална ориентација на учениците. Стручната служба и наставниците во училиштето се грижат за давање помош при изборот на институцијата за понатамошно образование и доусовршување. Сите ученици добиваат јасни и точни информации за можностите за понатамошно образование, односно определбата за нивната идна професија. Стручната служба, со учениците води разговори, спроведува тестирања и врз основа на добиените резултати им дава конкретни совети во однос на нивното понатамошно образование. Општи информации за понатамошно образование добиваат и од класниот раководител. Истовремено, учениците учествуваат на разни презентации, организирани од страна на високо-образовните институции кои нудат промотивен материјал и информации за уписите во нив. Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми, без оглед на изворот. Стручната служба е обучена да им помогне на родителите и учениците во вакви ситуации или да ги упати до релевантните институции (здравствени установи, Центар за социјална работа, полиција итн)

### 4.4 Следење на напредокот

Голем број од наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик, како и за неговиот интелектуален, социјален и емоционален развој. Наставниците подготвуваат редовно извештаи и анализи, за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Подготвените извештаи и анализи се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар и се целосно достапни за сите други наставници, за родителите и за самите ученици. Резултатите од анализите не се користат за подобрување на воспитно - образовниот процес. Училиштето применува законски постапки со договорни процедури,при преминувањето на ученик при што доставува податоци за учениците кои преминуваат во друго училиште и има податоци за учениците кои доаѓаат од друго училиште.

## 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

### 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

СГГУГС "Здравко Цветковски" во Скопје го негува својот углед во заедницата. Препознатливо по добар квалитет на работа, како и остварување на својата визија и мисија. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето. Се поддржува инклузивноста, се негува родовата еднаквост и мултикултурализмот. Безбедноста во училиштето е засилена со служба за обезбедување како и дежурства на наставниот кадар, кои се залагаат за редот и безбедноста за време на часовите како и за време на одморите.

Во училиштето има Куќен ред за однесување на сите вработени, Етички кодекс на однесување на наставниците и стручните соработници во СГГУГС "Здравко Цветковски" во Скопје во кои се поставени правилата и начините на однесување во училиштето и за време на реализација на наставата, како и пишани процедури кои се применуваат во

пракса. Во нив еднакво се третираат сите ученици без разлика на социјалните, половите, етничките и интелектуалните разлики.

Училиштето води политика на взаемно почитување на сите чинители вклучени во училишниот живот, како и поттикнување на слободата на изразување и критичко размислување кај учениците и вработените.

Дисциплината во училиштето е добра. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставничкиот кадар.

Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки.

Училиштето има формирано ученичка заедница, која има своја програма за работа и за реализација на истата добива поддршка од училиштето. Ученичката заедница учествува во разгледување одлуки за прашања што се од непосреден интерес за нив и другите ученици. Ученичката заедница е активна и отворена за соработка при решавање на проблеми од доменот на ученичкиот живот во училиштето од секој аспект.

### 5.2. Промовирање на постигањата

Училиштето ги промовира постигањата на учениците. Поголем дел од наставниците го користат пофалувањето како начин на мотивирање на учениците за постигнување подобри резултати во учењето. Училиштето избира ученик на генерација со јасно утврдени критериуми за избор според Правилник за избор на ученик на генерација. Ученикот кој е првенец добива награда од Град Скопје, пофалница од училиштето и симболична награда (книга). Постигањата на учениците се истакнуваат на Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор и информативно по паралелки.

Во училиштето постои политика на потикнување на наставниот кадар и на учениците да учествуваат на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво и постои систем на наградување на учениците што постигнале успех. Училиштето учествува во различни манифестации, конкурси и прослави на локално и државно ниво, преставувајќи ги постигнатите успеси во училишната средина.

### 5.3. Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето, вклучувајќи ги и родителите во органите и телата на училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.

Во училиштето подеднакво се третираат сите ученици без разлика на полот, етничката припадност, социјалното потекло и интелектуалните разлики. Училиштето ги промовира родовата, етничката, верската и јазичната разновидност во училиштето и заедницата и има развиено механизми за нивно почитување во односите меѓу сите структури. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници.

Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста, односно го прифаќа и промовира мултикултурализмот. Сите наставници се обучени за реализација на „Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието“, а за нововработените редовно се врши дисеминација.

### 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната заедница

Соработката со родителите се остварува на повеќе нивоа и тоа: поединечно, на ниво на паралелка, на ниво на Совет на родители, преку членови на училиштен одбор - претставници од родители и отворен ден на наставниците.

Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето и нивото на постигањата на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители. Родителите се чувствуваат добредојдени и прифатени во училиштето.

Училиштето е активно вклучено во соработката со локалната заедница, стопанските субјекти и невладиниот сектор, преку спроведување на заеднички проекти и учество на настани од интерес на заедницата. Училиштето има воспоставена континуирана соработка за реализирање на активности од еколошката програма. Постојат повеќе конкретни примери за успешна соработка со граѓанскиот сектор и активно учество на вработените во проекти од интерес на заедницата, како и соработка со средните училишта на ниво на град Скопје и пошироко.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

СГГУГС „Здравко Цветковски“ од Скопје, се наоѓа на подрачјето на Општина Карпош, во урбана средина. Зградата е изградена од тврда градба на три нивоа, со приземје и два спрата, со вкупна површина од 16263м2. Училишниот двор е широк и функционален, со вкупна површина од 10000м2, од кои 5000м2 се озеленети, што го прави пријатен и зелен простор за учениците да се одморат и рекреираат. Дворот е заграден од сите 4 страни, со два влеза кои се постојано контролирани.

Наставата во училиштето се реализира во две смени на македонски и албански наставен јазик.

Училиштето располага со 45 училници, 3 кабинети, библиотека, 2 фискултурни сали, 2 работилници. Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава. Големината на училниците соодветствува на бројот на ученици во паралелките. Располага со распоред и максимално се искористени училишните простории за изведување на настава и воннаставни активности.

Во училишните простории има инсталирано електрична инсталација за напојување на ИКТ опрема и мрежа за поврзување на ИКТ опрема и сите се опремени со персонален компјутер.

Со јасно планирање и максимално искористување на расположливиот простор, училиштето успешно ги задоволува потребите на учениците, обезбедувајќи им придружни услови за квалитетно образование и развој.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Библиотеката во училиштето располага со вкупно 18407 наслови, вклучувајќи 14910 лектирни изданија, од кои на македонски наставен јазик 14 614 и 296 на албански

наставен јазик, 3497 наслови на стручна литература, од кои 3190 на македонски наставн јазик и 307 на албански наставен јазик.

Процесот на водење на евиденција за издавање на книги и контрола на нивната состојба е систематски уреден, што го овозможува редовното обновување на ресурсите и контрола на нивната исправност. Библиотеката е отворена за учениците секој работен ден, што овозможува лесен пристап до книгите и ресурсите за учење и истражување.

Училиштето успешно го планира и обезбедува потребниот материјал во потребниот обем за реализација на наставните и воннаставните активности, што овозможува непрекинатиот тек на образовниот процес и учењето. Училиштето ги задоволува потребите на учениците и наставниците, со континуирано подобрување на условите за учење и работа.

### 6.3 Обезбедување на потребен наставен кадар

Воспитно образовната работа ја реализираат 105 наставници од кои 102 со завршено високо образование, 1 наставник со завршени докторски студии, 2 со друго образование. Наставниците се организирани во тимови и стручни активи, што им овозможува да работат заедно и да споделуваат искуства.

Во училиштето 82 наставници се вработени на неопределено работно време, додека 23 се на определено работно време. Еден наставник е приправник со одреден ментор.

Во наставничкиот тим влегуваат наставници од различни етнички и културни заедници, што креира разновидност и инклузивност во училишната средина.

Со училиштето раководи вд директор во прв мандат, еден помошник директор со 20 работни часа и 10 наставни часа односно 20 работни часа извршува и работни задачи на работно место наставник по стручни градежни предмети и помошник на директор за албански паралелки со 20 работни часа и 10 наставни часа односно 20 работни часа извршува и работни задачи на работно место наставник по стручни архитектонски предмети.

Стручната служба е составена од: психолог, педагог, социолог, дефектолог и библиотекар, кои соработуваат со наставниците во организацијата и реализацијата на наставните активности, како и во следење и поддршка на учениците кои имаат потешкотии во учењето.

Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар, училиштето применува постапки за соодветна замена.

### 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Сите наставници изработуваат личен план за професионален развој, училиштето ги идентификува потребите на наставниците и изготвува програма за професионален развој при што ги има предвид основните професионални компетенции за наставници. Училиштето им овозможува посети на обуки и работилници на наставниците и стручните соработници. Училиштето организира и го вклучува наставниот кадар и стручните соработници и во интерни обуки, вклучувајќи и обуки за деца со посебни образовни потреби.

Во училиштето нема разработен план за организирање на нагледни часови, што може да биде важен дел од континуираното професионално усовршување на наставниците и споделување на добри практики.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Буџетот се користи за приоритетни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.

Раководниот кадар ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства. Училишниот одбор добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето. Финасовиот план и финансиски извештаи се разгледуваат и носат од страна на Училишен одбор.

## 7. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО

### 7.1 Управување/раководење со училиштето

Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. УО има своја програма за работа содржана во рамките на Годишната програма за работа на училиштето, со испланирани активности во временска рамка по месеци. Извештаите за работата на УО за тековната година и реализираната програма за работа се содржани во Годишните извештаи за работа на училиштето. Присуството на состаноците е редовно од претставниците на сите структури. Училишниот одбор се свикува со електронска покана и обезбедени материјали за работа на состаноците. Состаноците не се отворени за јавност, а донесените Одлуки се образложуваат на Наставнички совет. Соработката со вд директорот на училиштето е добра, според изјаснувањето на членовите запознаени се со сите прашања во врска со воспитно образовната работа, самоевалуацијата, развојната програма како и за управување со финансиите во училиштето, но истите се изјаснија дека немаат доволна транспарентност во работата.

Раководен орган во училиштето е вд директор. За својата работа има изготвено Програма за работа која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година. Вд директорот има јасна визија за развојот на училиштето, со која се запознаени сите структури во училиштето. Неговото работење се заснива на тимска работа со директна комуникација, преку вклучување на сите вработени во процесите на планирање, реализација и евалуација на севкупните активности.

### 7.2 Креирање на образовната политика

Мисијата и визијата на училиштето ја одразуваат државната и локалната образовна политика. Тие се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на активностите за инклузија, професионален развој на наставниците и унапредување на постигнувањата на сите ученици. Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на мисијата и визијата, добро ги познаваат и разбираат. Сите релевантни чинители се вклучени и работат на остварување на мисијата и визијата. Тие се јасно дефинирани и надградени во Годишната програма за работа на училиштето, фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти да работат на остварување на мисијата и визијата.

Вработените, структурите во училиштето, учениците и останатите чинители активно учествуваат во креирањето и подобрувањето на политиките, како и во активностите за нивно остварување.

Резултатите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница. Училиштето има план за следење и

евалуација и индикатори за остварување на резултатите и тој план го реализира. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.

# 8. НАОД И ПРЕПОРАКИ

## 8.1 Јаки страни

- Добри примери за реализирани заеднички часови со ученици и наставници од мешан етнички состав, со цел унапредување на мултикултурализмот;
- Училиштето има успешна соработка со локалната заедница, деловната заедница за што училиштето има потпишано меморандуми за соработка;
- Во училиштето владее позитивна атмосфера и има воспоставено клима на взаемно почитување на сите чинители вклучени во училишниот живот;
- Добра севкупна грижа за здравјето на учениците и вработените;
- Воспоставена клима на почит и соработка меѓу наставник, родител и ученик;

## 8.2. Слаби страни

- Наставниците не планираат и не применуваат разновидни наставни техники и нагледни средства;
- Наставниците не изработуваат задачи по тежински нивоа според образовните потреби на учениците;
- Во последните три учебни години не е изведена симулативна вежба;
- Недоволна реализација на отворени нагледни часови за размена на искуства преку следење на наставни часови;
- Недоволна транспарентност во работата на УО

## 8.3. Препораки

- Да се планираат и применуваат разновидни наставни техники и нагледни средства;
- Да се изработуваат задачи по тежински нивоа според образовните потреби на учениците;
- Да се преземат активности за да се изведе симулативна вежба;
- Да се превземат активности за организирање на отворени и нагледни часови за размена на искуства преку следење на наставни часови од колеги.
- Да се превземат активности за поголема транспарентност во работата на УО, објавување на донесени Одлуки, запознавање со истите на Наставничкиот совет и Советот на родители

| | |
|---|---|
| Драгослава И. Војницалиевска, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Јасмина Аврамовска, член на инспекцискиот тим | |
| Џавид Сулејмани, член на инспекцискиот тим | |
| Зоран Ристески, член на инспекцискиот тим | |